ОНЛАЈН ОБУКА НА ТЕМА:

# „Принцип на опортунитет во кривичната постапка и осврт на примена на чл.43 и чл.44 од ЗКП“

**Скопје**
**08 јуни 2022 година**
**ZOOM платформа**
**Академија за судии и јавни обвинители**

м-р Стевчо Донев јавен обвинител во Вишо јавно обвинителство Штип

# Правна рамка

- Препорака Р (87)18 на Комитетот на министри на Советот на Европа од 17.09.1987 година за Поедноставување на кривичната правда
- КЗ и ЗКП
- Прирачник, упатства нема, но би требало да се донесат

# Опортунитет

- Што е опортунитет?

- **Член 18 од ЗКП**
- **Начело на легалитет на кривичното гонење**
- Јавниот обвинител е должен да преземе кривично гонење ако постојат докази дека е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, **освен ако со овој закон поинаку не е определено.**

- Легалитетот е должност, односно обврска да се преземе кривично гонење, додека опортунитетот е дискреционо право на јавниот обвинител во случаите предвидени со закон да не преземе кривично гонење со поднесување на обвинение против осомничениот.

# Опортунитет

- Зошто опортунитет?

- Затоа што: - **М**оже да се постигне целта на казнувањето и без кривично гонење и водење на кривична постапка и

-**Р**астоварување на судовите од водење на кривични постапки за кои се предвидени ниски казни, односно **поедноставување** на кривичната постапка.

# Опортунитет

- Видови на опортунитет

- **Условен опортунитет** – откако осомничениот ќе прифати

- **Чист или безусловен опортунитет**- без условувања да не преземе кривично гонење или да се откаже од гонењето

# Закон за кривичната постапка

- **Член 43**
- **Условно одлагање на кривичното гонење**
- (1) Јавниот обвинител со согласност на оштетениот може со решение да го одложи кривичното гонење за кривично дело за кое е пропишана казна затвор до три години ако осомничениот е подготвен да се однесува според упатствата на јавниот обвинител и да ги исполни определените обврски со кои се намалуваат или отстрануваат штетните последици на кривичното дело, се става крај на вознемирувањето што е резултат на кривичното дело, односно се влијае со цел да се реинтегрира осомничениот. Такви обврски можат да бидат:
- отстранување или надоместување на штетата;
- враќање на одземените предмети;
- плаќање на паричен придонес во полза на Буџетот на Република Македонија или институција што врши јавни овластувања или во хуманитарни цели;
- исполнување на обврските во однос на издржувањето;
- подложување под третман за одвикнување од зависности;
- подложување на психосоцијална терапија заради отстранување на насилничко однесување;
- забрана за посетување или контактирање со жртвите на казненото дело, како и со трети лица определени од страна на јавниот обвинител во период не подолг од шест месеци;
- определување општокорисна работа во траење од 40 до 120 часа или
- кога се исполнети условите за ослободување поради компензација на штетата определени со Кривичниот законик.
- (2) Во однос на обврските од ставот (1) точките 1, 2, 3, 4, 7, 8 и 9 на овој член, ако осомничениот во рок кој не може да е подолг од шест месеци ја исполнил обврската, односно се придржувал кон забраната, јавниот обвинител ќе донесе решение со кое не се презема кривично гонење против осомничениот за кривичното дело од ставот (1) на овој член.
- (3) Во однос на обврските од ставот (1) точки 5 и 6 на овој член, времетраењето на условното одлагање јавниот обвинител го определува во консултација со специјализирана установа за лекување зависности, односно со надлежниот центар за социјални работи. Време-траењето на условното одлагање не може да биде подолго од една година.
- (4)Ако сторителот ги започнал, но не ги довршил наметнатите обврски во определениот рок, јавниот обвинител поднесува предлог за поведување скратена постапка, при што се зема предвид делот од извршените обврски.

# Закон за кривичната постапка

- **Член 44**
- **Непреземање на кривично гонење**
- Јавниот обвинител не е должен да преземе кривично гонење, односно може да се откаже од гонењето, ако:
- во Кривичниот законик е утврдено дека судот може сторителот на кривично дело да го ослободи од казна и ако јавниот обвинител со оглед на конкретните околности на случајот ќе оцени дека самата пресуда без кривична санкција не е потребна;
- во Кривичниот законик за кривичното дело е пропишана парична казна или казна затвор до три години, а осомничениот поради вистинско каење го спречил настанувањето на штетните последици или ја надоместил сета штета и ако јавниот обвинител со оглед на конкретните околности на случајот ќе оцени дека кривичната санкција не е основана или
- осомничениот како член на организирана група, банда или друго злосторничко здружение доброволно соработува пред или по откривањето или во текот на кривичната постапка и ако таквата соработка и изјава на тоа лице е од суштествено значење за кривичната постапка.

# Услови за примена на начелото на опортунитет и цели на примена

- **Услови** за примена на начелото на опортунитет и **цели** на примена
- **Стварни услови** – услови од стварна природа кога постои сомневање дека е сторено кривично дело за кое е пропишана казна затвор до три години –согласно чл.43 од ЗКП.
- **Правни услови** – треба да постојат обележја на кривично дело и процесните претпоставки, односно отсуство на околности кои исклучуваат кривично гонење како што е застареност, амнестија или помилување.
- **Јавен интерес-** за секој посебен случај треба да се внимава на јавниот интерес, бидејќи функцијата на јавниот обвинител се врши во јавен интерес. Па, во таа смисла јавниот интерес претставува точка во која се сечат општествените и индивидуалните интереси и треба со примена на начелото на пропорционалност да се направи баланс помеѓу општиот интерес на општетството и заштитата на индивидуалните слободи и права.
- **Целисходност-** дали во конкретниот случај е оправдано кривично гонење од аспект на јавниот интерес. (Природа на кривично дело, последици од кривичното дело, личноста на сторителот, дали може да се постогне целта на казнувањето, како ќе влијае тоа во јавноста, економичност на постапката и друго)
- **Целите** треба да се усогласни со условите- така не може само поради економичност на постапката да се примени одложено гонење, ако е спротивно на другите услови.

# Ресторативна правда

- **Концепт на ресторативна правда**- се воспоставува контакт помеѓу сторителот, оштетениот-жртвата и можност за постигнување договор-согласност со посредување на ЈО да се надмине меѓусебен конфликт, да се поправат односите и да се отстранат штетните последици.

## Споредба по години
## Вкупно предмети во однос на вкупно предмети за примена на чл.43 и 44 од ЗКП од статистика на ЈО.

## За подрачјето што го покрива ВЈО Штип се подрачните основни јавни обвинителства во Берово, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип

**Тебела 1**

| Временски период од три години | Вкупно пријави во работа | Отфрлени пријави | Проценти % |
|---|---|---|---|
| 2019 г. | 3398 | 1038 | 30,5 |
| 2020 г. | 4583 | 1084 | 23,6 |
| 2021 г. | 3374 | 959 | 28,4 |
| Вкупно > | 11355 | 3081 | 27,1 |

# Примена на чл.43 и чл.44 од ЗКП

**Табела 2**

| Временски период од три години | Отфрлени пријави | Примена на чл.43 од ЗКП | Примена на чл.44 од ЗКП | Од вкупно отфрлените пријави Проценти % |
|---|---|---|---|---|
| 2019 г. | 1038 | 177 | 14 | 18,4 |
| 2020 г. | 1084 | 125 | 13 | 12,7 |
| 2021 г. | 959 | 125 | 6 | 13,7 |
| Вкупно > | 3081 | 427 | 33 | 14,9 |

# Примена на чл.43 и чл.44 од ЗКП

**Табела 3 - Според дадените обврски со примена на чл.43 од ЗКП**

| Приходи во | 2019 г. | 2020 г. | 2021 г. |
|---|---|---|---|
| Буџет на РСМ | 1.185.650 | 646.150 | 593.000 |
| Хуманитарни цели | 420.222 | 216.000 | 220.000 |
| Институции што вршат јавни овластувања | 160.000 | 164.000 | 69.000 |
| ЈУ М ЦСР | / | / | 30.000 |
| Издршка | / | / | 91.000 |
| Надомест на штета за физички лица | / | / | 37.000 |
| Вкупно денари > | 1.765.872 | 1.026.150 | 1.040.000 |

# Кривични дела од КЗ

- Кривични дела за кои се применети одредбите од **чл.43 од ЗКП** – чл.297 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ, чл.300 ст.3 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ, чл.202 од КЗ и чл.149 од КЗ

- Кривични дела за кои се применети одредбите од **чл.44 од ЗКП** – чл.297 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ, чл.300 ст.3 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ и чл.202 од КЗ

- **Прашања од практичната примена** (невоедначено постапување, одземање на предмети, трошоци во постапката, права на оштетениот и друго)

# Опортунитет

- Кривични дела за кои може да се одложи кривичното гонење ( ако за некое кривично дело тежината на здобиената повреда или износот на штетата е квалификаторна околност за одредено кривично дело неопходно е ЈО да ја утврди таа околкност јасно и прецизно)
- Согласност од оштетениот за одлагање на кривичното гонење
- (пред согласноста мора да биде поучен за правата што ги има како оштетен)
- Согласност од осмничениот да се однесува според упатствата на ЈО
- (согласноста треба да е безусловна, целосна, доброволна, без заблуди и треба да е свесен за последиците)
- Опортунитетот не е процесно право на осомничениот, туку **процесна можност за ЈО**.
- Да се има во предвид личноста на осомничениот, претходниот негов живот (евиденција за лица на кои веќе еднаш им е одложено кривичното гонење или не е преземено)
- Избор на обврска, начин и рок на извршување
- Делумно исполнување на обврска ? или Неможност за исполнување од објективни и оправдани причини?)
- Делумното плаќање се смета за неисполнување на обрската, но треба да се има во предвид при изрекување на казната
- За отстранување на штета и штетни последици, дали треба со вештачење да се утврди штетата или може и спогодбено?

# Опортунитет

- Имотно-правно побарување?
- Враќање на предмети, поништување на правни работи, надоместок на штета ?
- Висината на износот што треба да го плати- колкав износ? – не треба да има двојна привилегија, односно и да не се гони кривично и да плати помалку
- Соработка со установи за лечење и одвикнување од зависности?

# Постапка

- Постапка
- -предлагање и согласност (уште во покана се наведува зошто се повикуваат)
- -преговарање и избор на обврска (записник)
- -решение за одлагање (изрека-содржина)
- -евиденција и надзор над спроведување на обврската
- -решение за непреземање на кривично гонење (изрека-содржина)

# Опортунитет

- За чл.44 од ЗКП
- Кумулативни услови (**објективни:** кривични дела-предвидени и осомничениот спречил штета или надоместил **и субјективни:** каење на осомничен и ЈО да оцени дали изрекување на санкцијата не би било правично во конкретиот случај)

- Чл.44 т.1 од ЗКП
- Да го ослободи од казна сторителот --- Одредби во КЗ во чл.253-а од КЗ Неовластено давање подароци, чл.358 од КЗ Давање поткуп и чл.358-а од КЗ Давање награда за противзаконито влијание

# Опортунитет

- **Право на жалба на решенијата по чл.43 и чл.44 од ЗКП?**

- Одземање предмети и начелото на опортунитет
- Одредби од
- **-КЗ** чл.100-а  за одземање на предмети и
- **-ЗКП** чл.529 за одземање на предмети

- Трошоци на постапката и начелото на опортунитет
- Награда (адвокати, вештаци) и нужни издатоци, трошоци?

# Опортунитет

- NE BIS IN IDEM и начелото на опортунитет
- Дали може да се смета за пресудена работа (res judicata)?
- Од праксата на ЕСЧП во однос на ова нечело има пресуди (Градингер против Австрија бр.15963/90 од 1995 г. и Золотукин против Русија бр. 14939/03 од 2003 г.) како и пресуди на Судот на правдата на Европската унија во Луксембург (Гозуток и Бруге бр.С-187/01 и С-385/01 од 2003 г.) со кои е воспоставен стандард да во случаите кога станува збор за постапки на јавните обвинителства кога се откажуват од понатамошно кривично гонење откако осомничениот ќе исполни одредени обврски според упатство на јавен обвинител, во кои постапки не учествува суд, ниту тие постапки се завршуваат со судска одлука, така непреземањето на кривично гонење понатаму се смета за правосилно завршена постапка, со аргументација дека одлуката во тие постапки се донесува од државен орган кој применува одредби од националното кривично право што е дел од составот на кривичното правосудство.

# Опортунитет

- Одлагање на кривично гонење во постапка пред суд  одредби од КЗ
- **Ослободување од казна**
- **Член 42 од КЗ**
- (1) Судот може да го ослободи од казна сторителот на кривичното дело само кога тоа законот изречно го предвидува.
- (2) Кога судот е овластен сторителот на кривичното дело да го ослободи од казна, може да му ја ублажи казната без ограничувањата пропишани за ублажување на казната или да му изрече споредна казна забрана на управување со моторно возило или протерување на странец од земјата.
- Ова е вид на судско помилување. Во случај на пречекорување на нужна одбрана и крајна нужда, неподобен обид, доброволно откажување

# Опортунитет

- **Посебна основа за ослободување од казна**
- **Член 43 од КЗ**
- Судот може да го ослободи од казна сторителот на кривично дело сторено од небрежност кога последиците на делото сторителот го погодуваат така тешко што изрекувањето на казна во таков случај не би одговарало на целта на казнувањето.
- Овде не е целта ослободување од казна како помилување, награда за доброто однесување на сторителот, туку дека во одредени случаи отпаѓа потребата за казна. (пример- смртна последица на блиско лице на сторителот)

# Опортунитет

- **Ослободување поради отстранување на штетните последици на кривичното дело**

- **Член 43-а од КЗ**
- За кривичното дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до три години извршено под особено олеснувачки околности, ако за тоа постои согласност и на оштетениот, судот може да го ослободи од казна сторителот кој до завршувањето на кривичната постапка ќе ја врати одземената корист на оштетениот, ќе ја надомести штетата, или на друг начин ќе ги надомести или поправи штетните последици на кривичното дело.

- Оваа одредба на го привилегира секое делотворно каење на сторителот, туку предвидува факултативно ослободување од казна ако се исполнети неколку законски услови (парична казна или затвор до три години, особено олеснувачки околности, претходна сосгласност од оштетениот и да е надоместена штетата)

# „Принцип на опортунитет во кривичната постапка и осврт на примена на чл.43 и чл.44 од ЗКП“

- Благодарам на вниманието!